АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

# СООПШТЕНИЕ
## за спроведување на обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување

Агенцијата за супервизија на осигурување ја информира јавноста дека ќе организира обука и полагање на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурување (во понатамошниот текст: обука и стручен испит за застапник).

Обуката за застапник во времетраење од 3 дена (вкупно 18 наставни часа) ќе се спроведе во периодот 22-24.3.2018 година во просториите на "Европски универзитет" кој се наоѓа на Бул. "Климент Охридски" бр.68 во Скопје.
Точните термини и деталниот распоред на предавањата во рамки на обуката како и точните термини и деталниот распоред за одржување на испитот ќе бидат објавени на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување пред отпочнување на обуката односно испитот.

По завршување на обуката, Агенцијата ќе спроведе стручен испит за застапник. Датумите за полагање на стручниот испит за застапник се следните:

**Прв дел (теоретски дел) на 19.4.2018 година**
**Втор дел (практичен пример) на 4.5.2018 година**

Кандидатите кои нема да го положат стручниот испит за застапник со првото полагање имаат право на две повторни полагања на испитот во рок од 6 месеци од денот на завршување на обуката и тоа во следните термини:

**Второ полагање**
**Прв дел (теоретски дел) на 14.5.2018 година**
**Втор дел (практичен пример) на 31.5.2018 година.**

**Трето полагање**
**Прв дел (теоретски дел)на 4.6.2018 година.**
**Втор дел (практичен пример) на 19.6.2018 година.**

Стручниот испит за застапник ќе се спроведува во Испитниот Центар кој се наоѓа во деловниот дел од Спортската сала во универзитетскиот кампус на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје ).

Во прилог е мапа со точна локација на објектот.

https://goo.gl/maps/6dpaEa4GKF92

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

Кандидатите кои успешно ќе го положат стручниот испит за застапник ќе се здобијат со Уверение за положен стручен испит за застапник.

Кандидатите кои три пати едноподруго не го положат стручниот испит за застапник, го губат правото за повторно полагање предвиден со обуката.

Со обуката за застапник се опфатени 6 (шест) подрачја – модули и тоа:

1. Основи на управување со ризик и осигурување;
2. Законска регулатива од областа на осигурување;
3. Трговско и облигационо право;
4. Застапување во осигурување и етички кодекс;
5. Осигурување на живот;и
6. Неживотно осигурување.

Деталната содржина на секој од модулите од обуката за застапник е разработена во Наставната програма за полагање стручен испит за застапник во осигурување која ја утврдува Агенцијата и во која се содржани градивото, прописите и литературата. Наставната Програма е објавена на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Начинот и постапката за спроведување на обуката и стручниот испит за застапник детално е пропишана со Правилникот за начин и постапка за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2015 и 16/2017) и Правилникот за начин и постапка за спроведување на стручен испит а вршење работи на застапување во осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 118/2014 и 16/2017).

Надоместокот за учество на обуката и за полагање на стручниот испит за застапник е утврден во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата (“Службен весник на РМ” бр.147/2009, 149/2009, 154/2009, 20/2012, 130/2013, 1/2015, 22/2016 и 16/2017) и истиот изнесува **7.000 денари.**

За учество на обуката и полагање на стручниот испит за застапник лицето треба да ги исполнува следните услови:

1. да има најмалку средно образование;
2. да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо; и
3. да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.

Сите заинтересирани лица, **најдоцна до 2.3.2018 година,** може да се пријават за учество на обуката и полагање на стручниот испит за застапник со поднесување на следните документи (со назнака: Пријава за обука/Барање за полагање на

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

испит за застапник) до Агенцијата за супервизија на осигурување (адреса: ул. Македонија бб - Палата Лазар Поп Трајков, V кат, Скопје):

1. Пополнет образец – Пријава за учество на обука за застапник/Барање за полагање на стручен испит за застапник (достапен на интернет-страницата на Агенцијата, www.aso.mk, или во архивата на Агенцијата);
2. Копија од лична карта;
3. Уверение односно Диплома за завршено средно образование или повисок степен на образование, во оригинал или заверено од овластено лице - нотар;
4. Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка, заверена од овластено лице - нотар; и
5. Доказ за уплатен надоместок за учество на обука и за полагање на стручниот испит за застапник во осигурување.

Доколку лицето школувањето го завршило во странство, покрај документите наведени погоре, потребно е да приложи и Потврда за активно познавање на македонскиот јазик издадена од Филолошкиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Доколку личното име и презиме на некој од документите наведени погоре не е идентично со оние наведени во Пријавата/Барањето, потребно е кон барањето лицето да приложи и извод од матична книга на венчани односно решение за промена на личното име односно презиме.

Доказот за уплатен надоместок треба да ги содржи следните податоци:

| | |
|---|---|
| ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: | Учество на обука и полагање стручен испит за застапник |
| НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: | Агенција за супервизија на осигурувањето - Скопје |
| БАНКА НА ПРИМАЧОТ: | Стопанска банка АД -Скопје |
| СМЕТКА: | 200002007041251 или |
| БАНКА НА ПРИМАЧОТ: | НЛБ Банка АД - Скопје |
| СМЕТКА: | 210065288480132 |

Подетални информации за начинот и постапката на спроведување на обуката и стручниот испит, наставната програма, точните термини и местото на одржување на обуките и стручните испити, може да се најдат на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување (www.aso.mk) или на телефонскиот број: 02 3254-050.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

**НАПОМЕНА**:
Поради ограничените капацитети за спроведување на стручните испити, учеството на обуката односно испитот ќе се врши согласно принципот прв дојден-прв услужен.

Пријавите/барањата за учество на обука и полагање на стручен испит кои ќе бидат доставени по пополнувањето на максималниот можен број на кандидати како и пријавите/барањата кои ќе бидат доставени по истек на рокот за доставување на истите, нема да бидат земени предвид.

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

Изготвил: Берат Мурати
Контролирал: Мимоза Чкалеска Карталова и Бобан Стојановиќ
Согласен: м-р Билјана Јаневска Неделковска
Одобрил: Лулзим Имери